

Фото: М.Ц.

Љубовта е подарок кој не бара возвраќање. Сега знаеш, несебичната љубов сама по себе е награда. Дури и невозвратената љубов не е загуба, бидејќи самата ќе ти се врати и ќе го омекне и ќе го исчисти твоето срце.

# Ог Мандино

## *БОЖЈИОТ МЕМОРАНДУМ*

***За: Тебе***

***Од: Господ***

***Прими го Мојот совет.***

***Го слушам твојот крик... Ти носам олеснување за твојата тага, бидејќи позната ми е причината за неа, и ѝ го знам лекот...***

... Слеп ли си? Изгрева и заоѓа сонцето, а ти тоа не го гледаш?

Не. Ти гледаш, а милионите рецептори што ти ги вградив во очите ти овозможуваат да уживаш во волшебната убавина на листовите, снегулките, езерата, орлите, децата, облаците, ѕвездите, розите и погледите полни со љубов. Запиши еден благослов.

Глув ли си? Може ли бебето да се смее или да плаче, а ти да не го чуеш?

Не. Ти слушаш, и дваесет и четирите илјади влакненца што ги вградив во твоето уво го слушаат ветерот на гранките, плимата што ги водени карпите, величенственоста на операта, детската игра... и зборовите ‘те сакам’. Запиши уште еден благослов.

Нем ли си? Плунката е единственото нешто што излегува од твојата уста кога ќе ги придвижиш усните?

*Ог Мандино е еден од најчитаните писатели на светот, со оглед на тоа дека: четириесет негови книги се преведени на осумнаесет јазици, а се продадени во повеќе од дваесет и пет милиони примероци. Меѓу неговите најпознати книги спаѓаат: Избор, Христово послание, Најголемото чудо на светот, Најголемата тајна на светот, Најголемиот трговец на светот, Акабаров дар, и други…*

Не. Ти зборуваш како чудотворец, а твоите зборови можат да ги смират лутите, да ги расположат нерасположените, да ги поттикнат оние што ќе потклекнат, да ги разведрат несреќните, да им ја згреат душата на осамените, да ги пофалат оние што тоа го заслужуваат, да ги охрабрат поразените, да ги подучат оние што не знаат, и да речат ‘те сакам’. Запиши уште еден благослов.
Неподвижен си?

Не, ти се движиш. Не си дрво осудено да стоиш на мал простор на земјата додека ветриштата и светот со тебе прават што сакаат. Можеш да се истегнеш, да трчаш, да играш, да работиш, бидејќи ти дадов петстотини мускули, двесте коски, и петнаесет килограми нервни влакненца и сите ги синхронизирав да се покоруваат на твоите наредби.
Запиши уште еден благослов.

Не си сакан и недостоен си за љубов? Дали осаменоста те гуши и дење и ноќе?

Не. Не повеќе. Сега знаеш дека љубовта е тајна, дека мораш без размислување да ја дадеш за да ја добиеш. Љубовта поради исполнетост, задоволство или гордост не е љубов. Љубовта е подарок кој не бара возвраќање. Сега знаеш, несебичната љубов сама по себе е награда. Дури и невозвратената љубов не е загуба, бидејќи самата ќе ти се врати и ќе го омекне и ќе го исчисти твоето срце. Запиши уште еден благослов. Двапати запиши го.
Дали срцето ти е болно? Попушта, напорно му е да те одржи во живот?

Не. Твоето срце е силно. Допри ги градите и почувствувај го неговиот ритам, пулсирањето, денот и ноќта, триесет и шест милиони отчукувања секоја година. Година за година, било да си буден или спиеш, срцето пумпа крв низ повеќе од дваесет илјади километри вени, артерии и цевчиња, повеќе од два милиони литри секоја година. Човекот никогаш не измислил таква машина.
Запиши уште еден благослов.

Кожата ти е болна? Ги вртат луѓето главите од тебе, вџашени се од твојот изглед?
Не. Твојата кожа е чиста, таа е чудо. Сè што е потребно е сапун и млеко, перење и грижа. Со текот на времето и најјакиот челик ќе ја загуби својата цврстина и сјај, но твојата кожа нема. Секој метал со употреба се аби, се уништува, но не и наметката во којашто те сместив. Кожата постојано се обновува, новите клетки ги заменуваат старите.
Запиши уште еден благослов.
Градите ти се воспалени. Се бориш за секое вдишување?

Не. Тие те одржуваат и во најзагадената средина, којашто самиот си ја создал, и постојано работат за да го привлечат кислородот, кој дава живот низ шесте милијарди цебови во ткивото ослободувајќи го твоето тело од отпадните гасови.
Запиши уште еден благослов.

Крвта ти е затруена? Измешана е со вода и гној?

Не. Во твојата крв има околу дваесет и два трилиони крвни клетки, во секоја од нив има милиони молекули, а во секој молекул се наоѓа атом, којшто осцилира повеќе од десет милиони пати во секунда. Секоја секунда два милиони од твоите крвни клетки умираат, за да ги заменат два милиони нови, во воскреснувањето коешто постојано трае, од твоето раѓање. Секогаш било така во твојата внатрешност, а сега така ќе биде и во твојата

надворешност. Запиши уште еден благослов.
Да не си малоумен? Не си во состојба да размислуваш?

Не. Твојот мозок е најкомлексната структура во универзумот. Јас го знам тоа. Неговиот еден килограм и триста грама просечна маса содржи околу триесет милијарди нервни клетки, а тоа е два и пол пати повеќе отколку што има луѓе на Земјата. За да ти помогнам да го запомниш секое внимание, звук, вкус, мирис и случување од дното на твоето раѓање, во твоите клетки вградив илјада милијарди протеински молекули. Сите случувања се тука, чекаат само да се присетиш на тоа. А за да му помогнам на мозокот да го контролира твоето тело, по него распространив милиони рецептори за болки, допир и температура. Златните резерви на една нација не се толку добро чувани како што си чуван ти.

Ти си моето најдобро дело. Во тебе има доволно атомска енергија за да разори кој било од големите градови во светот и повторно да го изгради...



Фото: М.Џ.

... Сиромашен си? Немаш ниту сребро ниту злато?

Не. Ти си богат. Сега заедно ги набројавме сите богатства што ги поседуваш. Проучи го списокот. Повторно наброј ги. Треба да знаеш што имаш.

Не е сиромашен оној кој малку има, сиромашен е оној што многу бара...

...Ти ја дадов моќта за размислување.

Ти ја дадов моќта за љубов.

Ти ја дадов моќта за желба.

Ти ја дадов моќта за фантазија.

Ти ја дадов моќта за создавање.

Ти ја дадов моќта за планирање.

Ти ја дадов моќта за говор.
Ти ја дадов моќта за молитва...

... Прави сѐ со љубов, сакај се себеси, сакај ги другите, и сакај Ме Мене.

Избриши ги солзите. Посегни по Мојата рака, фати Ме и исправи се.

Пушти Ме да го искинам тој мртовечки порив што те притиснал.

Денес Јас и ти дознаваме:

**ТИ СИ НАЈГОЛЕМОТО ЧУДО НА СВЕТОТ.**

**Ог Мандино**
**(од книгата „Најголемото чудо на светот")**



***Не е сиромашен оној кој малку има, сиромашен е оној шт̄о мно̄гу бара...***

Фото: М.Џ.